**Известување за концентрација со која Позаваровалница Сава, д.д. Словенија и Заваровалница Триглав д.д. Словенија ќе стекнат заедничка контрола над ЗТСР, разисковање трга д.о.о. Словенија и индиректно врз Кардиал специјалистична амбулантна дејавност д.о.о. Словенија, Аристотел здравствени центард.о.о. Словенија и Дијагностични центар Вила Богатин д.о.о. Словенија**

**(предмет бр. 08-76/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 06.09.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација за заедничко вложување од Позаваровалница Сава, д.д. со седиште во Љубљана, Република Словенија на Дунајска 56 и Заваровалница Триглав д.д. со седиште во Љубљана, Република Словенија на Миклошичева 19. Концентрацијата се однесува на:

1) Формирање на заедничко вложување на Сава Ре и Триглав со преструктуирање на ЗТСР, разисковање трга д.о.о. со адреса на Дунајска цеста 22, Љубљана, Република Словенија и
2) стекнување на индиректна заедничка контрола на Позаваровалница Сава, д.д. и Заваровалница Триглав д.д.. преку ЗТСР, разисковање трга д.о.о. над:
    1. Кардиал специјалистична амбулантна дејавност д.о.о.со адреса на Залошка цеста 69, Љубљана, Република Словенија;
    2. Аристотел здравствени центард.о.о. со адреса на улица ИлијеГрегорича 18А, Кршко, Република Словенија и
    3. Дијагностични центар Вила Богатин д.о.о. со адреса наПод Скало 4, 4260 Блед, Република Словенија.

***Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:***

**Позаваровалница Сава, д.д.** е со основна дејност во реосигурување и има регистрирано локално присуство во Република Северна Македонија преку:

1) Сава Осигурување АД Скопје со адреса на Загребска 28а, 1000 Скопје, активна во неживотно осигурување;
2) Друштво за техничко испистување и анализа на моторни возила САВА СТЕЈШН ДООЕЛ Скопје, со адреса на Загребска 28а, 1000 Скопје, кое врши технички прегледи; и
1) Сава пензиско друштво АД Скопје со адреса на Мајка Тереза 1, 1000 Скопје, активно во секторот за управување со пензиски фонд.

**Заваровалница Триглав д.д.** е со основна дејност во бизнисот на животно и неживотно осигурување, реосигурување и управување со пензиски фондови и има присуство во Република Северна Македонија преку:

2) Осигурување Триглав АД Скопје со регистрирана адреса на бул 8-ми Септември 16, 1000 Скопје, активно во неживотно осигурување;
3) Триглав Осигурување Живот АД Скопје со регистрирана адреса на бул 8-ми Септември 16, 1000 Скопје, активно во осигурување на живот; и
4) Триглав пензиско друштво АД Скопје, со регистрирана адреса на бул 8-ми Септември 16, 1000 Скопје, активно во секторот за управување со пензиски фонд.

**ЗТСР, разисковање трга д.о.о.** во моментов е активно во индустријата за истражување на пазарот, по концентрацијата истото ќе се трансформира во целосно функционирачко финансиско холдинг-друштво кое ќе биде холдинг компанија и ќе инвестира во компании на словенечкиот пазар на здравствена заштита.

**Кардиал специјалистична амбулантна дејавност д.о.о.** е со основна дејност во специјализирана медицинска пракса.

**Аристотел, здравствени центард.о.о.** е со основна дејност во општа медицинска пракса и специјалистичка медицинска пракса.

**Дијагностични центар Вила Богатин д.о.о.** е со основна дејност во специјализираната медицинска пракса.

Според подносителите концентрацијата се однесува на следните релевантни пазари на производи: пазарот на здравственото осигурување и пазарот на даватели на здравствени услуги;

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.09.2019 година
Скопје